**Известување за концентрација која се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување помеѓу Генерали Италиа С.п.А., Италија, Группо Сан Донато С.п.А., Италија и ГК Холдинг Италиа С.р.л., Италија**

**(предмет бр. 08-170/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 28.11.2023 година, а дополнето на 11.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација **која** се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување помеѓу **Генерали Италиа С.п.А.**, со седиште на адреса Моглиано Венето (ТВ), Виа Мароццхеза 14, ЦАП 31021, Италија, **Группо Сан Донато С.п.А.**, со седиште на адреса Виа Сенато 12, 20121, Милано, Италија и **ГК Холдинг Италиа С.р.л.**, со седиште на Виа Сенато 12, 20121, Милано, Италија, кое ќе биде активно на пазарот за обезбедување на амбулантски здравствени услуги.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Учесниците во концентрацијата

Генерали Италиа е претпријатие-ќерка во целосна сопственост на Асикурациони Генерали С.п.А. (*Assicurazioni Generali S.p.A.*), ("**Асикурациони Генерали**"), кое е крајното матично друштви на групацијата Генерали - меѓународна групација на компании кои работат во осигурителниот и финансискиот сектор, која е главно активна во Европа во обезбедување и дистрибуција на производи за животно и неживотно осигурување, производи за реосигурување, услуги за помош и услуги за управување со недвижности и средства.

Групацијата Генерали има едно претпријатие ќерка во Република Северна Македонија - друштвото Генерали Инестментс АД Скопје со седиште на бул. Партизански одреди 14А-1/2, 1000 Скопје и предмет на работење дејности на управување со фондови.

ГСД е дел од Групацијата ГСД, која е италијанска болничка групација која обезбедува здравствени услуги во приватни болници и амбулантски здравствени услуги главно во Италија.

ГК Холдинг е дел од Групацијата ГК, која е активна на глобално ниво преку обезбедување на советодавни услуги и работење во секторите на енергија и недвижности.

Релевантен пазар

Предложената трансакција се однесува примарно на пазарот за обезбедување на амбулантски здравствени услуги. Од географска гледна точка, релевантниот пазар е ограничен на територијата на Република Италија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

12.12.2023 година
Скопје